Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 336//0306
27.08 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 14.08.2025 година, врз основа на примена жалба од **Деспина ковачевска,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„(ВИДЕО) ЈАНКО БУРЕК: НЕ САМО ДАНОК ТРЕБА И ЌОТЕК ЗА ТИЕ ШТО СЕ НЕМАЖЕНИ И НЕЖЕНЕТИ“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Мактел.мк (maktel.mk) на 15.07.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 25.07.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „(ВИДЕО) ЈАНКО БУРЕК: НЕ САМО ДАНОК ТРЕБА И ЌОТЕК ЗА ТИЕ ШТО СЕ НЕМАЖЕНИ И НЕЖЕНЕТИ“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Мактел.мк (maktel.mk) на 15.07.2025 г., при што се жали на говор на омраза.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „текстот пренесува изјава од новинар, но во самиот наслов повикува на насилство кон луѓето што не се во брак“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, во кој во целост се отфрлаат наводите во жалбата.

Во одговорот, потпишан од сопственикот и уредникот Саше Ивановски, се наведува дека „тв емисијата Јанко Јади Бурек нема врска со порталот Мактел. Ние само пренесовме дел од негова изјава која е скандалозна и мислевме дека јавноста треба да знае за тој негов радикален став, но реакциите кон изјавата треба да одат кон изворот кој ја дал, а тоа е ТВ Сонце и водителот Јанко Илковски“.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „(ВИДЕО) ЈАНКО БУРЕК: НЕ САМО ДАНОК ТРЕБА И ЌОТЕК ЗА ТИЕ ШТО СЕ НЕМАЖЕНИ И НЕЖЕНЕТИ“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Мактел.мк (maktel.mk) на 15.07.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени член 10 од Кодексот на новинарите на Македонија и одредбите 10.3 и 10.5 од Насоките за известување на онлајн медиумите на СЕММ  кои го регулираат ова прашање.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за пренесено видео од емисијата која што на една телевизија ја води новинар и кој во видеото коментира вест поврзана со најавени политики од страна актуелната влада во даночната сфера, што значи дека постои јавен интерес за оваа тема.

Комисијата, утврди дека образложението во одговорот од сопственикот и уредник на порталот е неосновано, бидејќи пренесувањето туѓи содржини не го ослободува од одговорноста за објавениот материјал.

Точно е тоа дека изјавата ставена во насловот од видеото е дадена од новинарот што ја креирал оригиналната содржина, но медиумите не смеат во своето работење да се однесуват неодговорно и да не ја контекстуализираат и појаснат содржината што ја објавуваат. Ова е особено важно доколку содржината е сензационалистичка и содржи говор на омраза, а медиумот што тоа го пренел не се потрудил ниту да појасни, ниту пак да се огради од содржината што ја пренесува. Медиумите имаат обврска да го препознаваат и да го разобличуваат говорот на омраза или дискредитирачкиот говор кон поединци и групи во општеството и да ги нагласат штетните последици од таквиот говор во општеството. Дотолку повеќе што и во одговорот од Мактел се наведува дека ставовите изнесени во видеото се „скандалозни“ и дека станува збор за „радикален став“.

Од тука, Комисијата смета дека се прекршени член 10 од Кодексот на новинарите на Македонија и одредбите 10.3 и 10.5 од Насоките за известување на онлајн медиумите на СЕММ, кои го регулираат ова прашање:

**Член 10**

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).

**Одредба 10.3 (Од Насоките...)**

Онлајн медиумите ќе се трудат да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него. Онлајн медиумите ќе создаваат содржини со коишто ќе се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи.

**Одредба 10.5 (Од Насоките...)**

Во исклучителни случаи на екстремен говор на омраза од поединци или групи, обврска на онлајн медиумот е да ги критикува јавно нивните ставови нагласувајќи ги штетните последици од нив за пошироката заедница и за групите кон кои се изречени.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595